**Република Северна Македонија**
**Влада на Република Северна Македонија**
**Центар за Управување со кризи**

Дел. Бр. 14-10/225
14.08.2019 година

Центар за управување со кризи

Димче Мирчев бр.9
П.ФАХ 372 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3249 101

**Предмет: ИНФОРМАЦИЈА за состојбите и настаните во Република Северна Македонија за перидот од 08:30 часот На ден 13.08.2019 г. до 08:30 часот на ден 14.08.2019г.**

**Информацијата е изработена според добиените писмени информации од Регионалните центри за управување со кризи, како и информациите од други субјекти кои учествуваат во системот за управување со кризи, во кои се наведуваат состојбите во областите за кои се надлежни.**

**За наведениот период ЦУК ги презентира следните обработени и селектирани информации:**

## 1. ЕЛЕМЕНТАРНИ И ДРУГИ НЕПОГОДИ

### *1.1. Активни пожари*

**РЦУК – Охрид,** известува дека пожарот кој започан на ден 11.08.2019 година на место викано **м.в.Краста-Бигори западно од с.Велмеј** е сеуште активен. Со пожарот зафатена е површина од 50 ха на нискостеблеста деградирана шума, смрека и сува дрвна маса од поранешно сечиште. Во гаснењето на пожарот во текот на денот интервенирале 50 вработени од ШС Галичица, 7 од Комунално Охрид и 4 од Нискоградба Охрид и 6 пожарникари со 2 пп возила од ТППЕ Охрид.

Пожарот кој започнал на ден 12.08.2019 година кај **село Белица, општина Кичево** е ставен под контрола. Во текот на денот во гасењето на пожарот интервенирале вработени од ШС Лопушник и 6 дотурачи и сечачи на дрва. Од пожарот изгорени се 1.5 хектари на дабова шума. Изгорени се и огревни фигури (20 кубици исечени дрва). Според последните информации гори само во внатрешноста на опожареното место.

**РЦУК – Струмица,** ја пренесува информацијата од **ТППЕ Гевелија** во која се наведува дека пожарот кој започнал на 09.08.2019 година кај **м.в.Исирова** е ставен под контрола. Во текот на денот во негово гаснење интервенирале 5 пожарникари со 1 ПП возило.

### *1.2. Пожари*

**РЦУК – Скопје,** известува дека **БППЗ на град Скопје во изминатото деноноие ги имала следните интервенции и тоа:** Во периодот од 08:12 до 09:10 часот е интервенирано во гаснење на електрична инсталација во дуќан на **ул. Христијан Тодоровски Карпош** на површина од околу 20 $м^2$. Интервенирано е со 1 ПП возило и 4 пожарникари, а материјалната штета се проценува на околу 60.000 денари. **(опш. Карпош);** Во периодот од 14:05 до 18:30 часот е

интервенирано во гаснење на запалена ниска мешана шума во атарот на **с. Страхојадица** на површина од околу 10 ха. Интервенирано е со 2 ПП возила и 5 пожарникари. **(опш. Зелениково);** Во периодот од 14:45 до 16:00 часот е интервенирано во гаснење на запалена дрвена барака на **ул. Никола Тесла бб.** Интервенирано е со 1 ПП возило и 3 пожарникари. **(опш. Карпош);** Во периодот од 04:15 до 06:30 часот е интервенирано во гаснење на запалена сува трева во атарот на **Кучевишка Бара** на површина од околу 1 ха. Интервенирано е со 1 ПП возило и 3 пожарникари. **(опш. Зелениково)**

**РЦУК – Битола**, ја пренесува информацијата од **ТППЕ Прилеп** во која се наведува дека во изминатото деноноќие имале една помала интервенција во околината на Прилеп.

**РЦУК - Куманово,** ја пренесува информацијата од **ТППЕ Кратово** во која се наведува дека околу 10:45 часот, започнат е шумски пожар кај **с. Страцин маало Пинџурци и место викано Плочи.** Со пожарот е зафатена нискостеблеста деградирана шума, сува трева и багрем. Во гаснењето на пожарот интервенирале 5 пожарникари со 1 ПП возила од ТППЕ Кратово, 2 пожарникари со 1 ПП возило од ТППЕ Ранковце, 5 лица од ШС од Кратово, 2 пожарникари со 1 ПП возило од ТППЕ Старо Нагоричане како и 8 лица од месното researchелние. Зафатената површина не е утврдена. Околу 23:30 часот, пожарот е локализиран. Во текот на ноќта се останати луѓе з аконтрола на теренот.

**ТППЕ Куманово** во изминатото деноноќие имале 4 интервенции на запалена сува трева на различни локации во градот Куманово и околината.

**РЦУК – Велес,** ја пренесува информацијата од **ТППЕ Свети Николе** во која се наведува дека во период од 13:30 до 16:40 часот, интервенирале на пожар помеѓу **селата Сарамзаилино и Ќоселери**. Со пожарот била зафатена сува трева и лозје на нутврдена површина. Во гаснењето на пожарот интервенирале 6 пожарникари со 2 ПП возила од ТППЕ Свети Николе, 3 лица од општина Лозово, 4 лица од ШС од Свети Николе и биле ангажирани 4 трактори од с.Ќоселери.

**РЦУК – Штип**, ја пренесува информацијата од **ТППЕ Берово** во која се наведува дека во период од 21:35 часот на ден 12.08.2019 година до 06:30 часот на ден 13.08.2019 година интервенирале на запален објект во **с.Умлена**, општина Пехчево. Во гаснењето на пожарот интервенирале 4 пожарникари со 2 ПП возила и 10 лица од месното население. На ден 13.08.2019 година во период од 12:30 до 14:30 часот, интервенирале на запалена сува трева и нискостеблеста шума на површина од 3 декари во меснота „**Колачински Поток**“, општина

Берово. Во гаснењето на пожарот интервенирале 2 пожарникари со 1 ПП возило и 4 лица од месното население.

## 2. ТЕХНИЧКО – ТЕХНОЛОШКИ КАТАСТРОФИ

***2.1. Радиолошка, хемиска или биолошка контаминација и загадување на воздухот, водотеците и човековата околина***

Од **Министерството за животна средина** добиено е известување во кое се наведува дека за ден **12.08.2019 година,** сите мерни параметри на Автоматските мониторинг станици за квалитет на амбиентниот воздух се во рамките на граничните вредности.

## 3. НАРУШУВАЊЕ НА РЕДОВНИТЕ СОСТОЈБИ ВО КОМУНАЛНАТА СФЕРА, СООБРАЌАЈОТ И ПРИ ПРОБЛЕМИ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЖИВОТНИ НАМИРНИЦИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА

***3.1. Водоснабдување***

**РЦУК – Битола,** ја пренеусва информацијата од **ЈП Водовод и канализација** од **Прилеп** во која се наведува дека поради дефект на водоводната мрежа во пеирод од 08:00 до 14:00 часот без вода останале корисниците од **улиците: Марксова, Ѓорѓи Димитров и Борка Талески.**

**РЦУК – Струмица,** ја пренесува информацијата од **ЈП Водовод и канализација** од **Струмица** во која се наведува дека поради дефект на водоводна мрежа во период од 07:00 до 18:00 часот, прекин со водоснабдувањето имале граѓаните кои живеат на потегот на **улиците: Бетовенова, Бошко Буха, дел од улицата Славчо Стојменски и населено место Просениково.**

**РЦУК – Охрид,** ја пренесува информацијата од **ЈКП Стандард-Дебар** во која се наведува дека во градот Дебар има рестрикција во снадувањето со вода за пиење од 13,00 до 16,00 часот.

Водоснабдувањето од локалниот водовод за селата Локвица и Вир, општина Македонски брод е во прекин 15 дена поради дефект на цевководот предизвикан од фирма изведувач на изградба на хидроцентрала. До овој момент истиот не е остранет. Зачестени се повиците и реакциите од страна на жителите на овие населени места. Револтот е се поголем а особено што во овие населени места има лица кои се занимаваат со одгледување на кози, овци, свињи и живина. Направена е штета на градинарски култури која неможе да се поправи.

**РЦУК – Велес,** ја пренесува информацијата од **ЈКП Дервен** од Велес во која се наведува дека поради изведување на ов приклучок во период од 11:00 до 13:00 часот, без вода останале корисниците од **ул.Павел Шатев.**

*3.2. Електроснабдување*

**ЕВН Македонија известува дека поради планирани зафати на електро дистрибутивната мрежа на ден 15.08.2019 година без електрична енергија ќе останат:**

- **Од 11:00 до 12:00 часот, корисниците од дел од с.Штрбово, Ресен (опш.Охрид)**
- **Од 10:00 до 14:30 часот, корисниците од дел Македонска Каменица: Објекти околу автобуската, Таке Пром, Нине бутик, Нова Текстил (опш.Делчево)**
- **Од 09:40 до 14:30 часот, корисниците од дел Пехчево: Објектите во центарот на Пехчево на плоштадот, Гоце Делчев, дел од Страшо Пинџур,дел од Мирче Ацев, дел од Моша Пијаде (опш.Делчево)**
- **Од 10:00 до 17:00 часот, корисниците од дел с. Мајден, место викано Привуш и Круша (опш.Кавадарци)**
- **Од 07:00 до 11:00 часот, корисниците од дел Чашка: ул. 8-ми Септември (Чашка) (опш.Велес)**
- **Од 08:30 до 11:30 часот, корисниците од дел с. Порој накај Тетово, населба Циглана, фабрика Циглана, ул. Фуштанска, Гранит, Бетон (опш.Тетово)**
- **Од 08:30 до 10:00 часот, корисниците од дел с.Чегране – краткотрајно (опш.Гостивар)**
- **Од 08:55 до 15:30 часот, корисниците од дел с. Оздолени, с. Сошани, МХЕ Слатино, с. Издеглавје, с. Слатино, Антена ФАР - предавател на М-НАВ (опш.Охрид)**
- **Од 09:30 до 15:00 часот, корисниците од дел ул.Мирче Ацев (позади културниот дом). (опш.Струмица)**
- **Од 09:00 до 15:00 часот, корисниците од дел нас Автокоманда, ул.Солидарност и др. (опш.Штип)**
- **Од 09:00 до 15:00 часот, корисниците од дел цело с.Батинци без Љубош и Ќупријан (опш.Скопје Аеродром)**
- **Од 08:30 до 11:30 часот, корисниците од дел Визбегово: ул.1551 Визбегово (опш.Васил Главинов)**
- **Од 09:00 до 11:00 часот, корисниците од дел ул.11-ти септември, ул.Епимемонда Поп-Јорданов, ул.Вардарска, ул.Дунавска#СТРУМИЦА/0 /дел од ул.Крушевска Република, дел од ул.Елка Јанкова, дел од ул.Охридска (опш.Струмица)**

- **Од 08:30 до 13:00 часот, корисниците од дел Скопје-Центар: бул.Св.Климент Охридски бр.54 (опш.Скопје Аеродром)**
- **Од 08:15 до 15:00 часот, корисниците од дел с.Симница, с.Горна и Долна Ѓоновица Краткотраен прекин во: с.Балиндол, нас.Малотурчане, с.Беловиште, с.Лакавица, с.Митрови Крсти, с.Србиново, с.Падалиште, с.Железна Река, с.Куново, с.Трново (опш.Гостивар)**

**РЦУК – Велес**, ја пренесува информацијата од **ЕВН Македонија** во која се наведува дека поради дефект на електродистрибутивната мрежа од 15:50 до вечерните часови, без електрична енергија останале корисниците од **селата: Оморани, Плевиње, Габровник, Мокрени, Согле, Бистрица, Богомила и Нежилово.**

**РЦУК – Куманово,** ја пренесува информацијата од **ЕВН Македонија** во која се наведува дека поради дефект на 20 кв далновод, во текот на денот без електрична енергија останале корисниците од **селата: Опае, Лопате, Лојане и Ваксинце**.

***3.3. Производство на електрична енергија***

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **РЕК – Битола** во која се наведува дека **ТЕ – 1** работел со снага од 175 **MW** и **ТЕ – 2** работеле со снага од 170 MW. **ТЕ – 3** работел со снага од 190 **MW**

**РЦУК – Тетово,** ја пренесува информацијата од **ЕЛЕМ ХЕЦ Маврово“** во која се наведува дека **ХЕЦ „Вруток“** произвела 1.630.500 квч, **ХЕЦ „Равен“** произвела 202.000 квч и **ХЕЦ Врбен** произвела 19.567 квч електрична енергија.

**РЦУК – Охрид,** известува дека **ХЕЦ Глобочица** има произведено 334.000 квч електрична енергија.

***3.4. Нарушување на сообраќајот***

Во извештајот добиен од **АМСМ** во **06:00** часот на ден **14.08.2019 година** се наведува дека сообраќајот на државните патишта се одвива по суви коловози.

**ФРЕКВЕНЦИЈА:** Интензитетот на сообраќај на патните правци надвор од градските средини е зголемен. Бележиме зголемена фреквенција на возила на ГП Богородица каде времето на чекање за излез од државата е од 15 до 30 минути. На останатите гранични премини, од македонска страна, нема подолги задржувања за влез и излез од државата.

**ВНИМАТЕЛНО:** АМСМ препорачува прилагодена брзина на движење, почитување на поставената сообраќајна сигнализација и

внимателно управување со возилата, особено на патиштата низ котлините, речните долини и клисурите, каде има можност од појава на одрони. Ова посебно се однесува за делниците Катланово – Велес, Маврово – Дебар – Струга, Виница – Берово и Кочани – Делчево.

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Македонски железници,** во која се наведува дека поради високите температури, во периодот од 12:00 до 19:00 часот, има ограничување на максималната брзина на движење на возовите на **50 км/час.**

## 4. ОСТАНАТИ ИЗВЕСТУВАЊА

### *4.1. Управа за хидрометеоролошки работи – временска прогноза*

**ВРЕМЕТО ДЕНЕС**

Денес претпладне ќе е сончево и особено на југот ќе биде многу топло. Попладне и во текот на ноќта, а најпрвин во северните делови облачноста ќе се зголеми и на места ќе има пороен дожд со грмежи. Локално процесите ќе бидат во форма на невреме со појава на град и силен ветер (над 70 км/час). Услови за појава на дожд ќе има и во ноќните часови. Минималната температура ќе биде во интервал од 12 до 22, а максималната од 32 до 40 степени. УВ= 9.

Во **Скопје**, претпладне сончево и многу топло. Од пладне ќе има зголемена облачност и појава на повремено пороен дожд, грмежи засилен ветер и услови за град. Т.мин 21, а Т.макс до 38 степени.

**ВРЕМЕТО ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ**

Во четврток се уште ќе има услови за локална нестабилност со пороен дожд и грмежи претежно попладне. Ќе дува слаб до умерен северен ветер, а дневните температури ќе бидат за за 5 до 8 степени пониски. Посвежо ќе биде и во петок, а за викендот температурите ќе се постепен пораст.

### *4.2. Институт за трасфузиологија*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Институтот за трансфузиона медицина на Република Македонија** во која се наведува дека на ден **14.08.2019** година планирани се крводарителни акции; со граѓаните на **Велес – Традиционална летна крводарителна акција, со вработените на Единица за службени кучиња ПС Гази Баба, со вработените во Катастар Гази Баба и со вработените во ЈКП Комуналец – Струмица.**

### *4.3. Минирање*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **фирмата Руд Проект,** во која се наведува дека во периодот **од 08:00 до 16:00 часот**,

на површинскиот коп **Цуцул – Говрлевска Краста – с. Говрлево** ќе изврши минирање. **(опш. Сопиште)**

**Оперативен центар на Центарот за управување со кризи на Р.Македонија, телефон 02/3249-211, 02/3249-212; факс: 02/3249-213, 02/3136-226; e-mail: situacionen.centar@cuk.gov.mk**

**Информацијата е изработена врз основа на:** Информација од РЦУК Скопје бр.225 од 13/14.08.2019; Информација од РЦУК Битола бр.16-3/225 од 13.08.2019 со Податоци за состојба со водите;Информација од РЦУК Струмица бр.16-3/474 од 13.08.2019; со Податоци за состојба со водите;Вонредна Информација од РЦУК Куманово бр.16-3/215 од 13.08.2019; Информација од РЦУК Охрид бр.16-3/269 од 13.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Велес бр.16-3/225 од 13.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Штип бр.16-3/219 од 13.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Куманово бр.16-3/316 од 13.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Тетово бр.17-246 од 13.08.2019 со Податоци за состојба со водите;Информација од МЖСПП од 13.08.2019; Најава за планирани прекини од ЕВН од 13.08.2019; Временска прогноза, Дневна хидролошка состојба и Информација од УХМР од 13.08.2019; Известувања од АМСМ од 13/14.08.2019.

**Подготвил:** Даниел Крстевски
**Прегледал:** Иван Митевски

**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ**
**СО КРИЗИ**
**Оперативен дежурен центар**

**Доставено до:**

1. Претседател на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Претседателот**
2. Влада на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Премиерот**
   **Генерален секретар**
3. Министерство за внатрешни работи
   **Кабинет на Министерот**
   **ДОЦ на МВР**
4. Министерство за надворешни работи
   **Кабинет на Министерот**
5. **Агенција за Разузнување**
6. Министерство за одбрана
   **Кабинет на Министерот**
   **ОЦ на ГШ на АРМ**
7. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
   **Кабинет на Министерот**
   **Агенција за храна и ветеринарство**
   **Управа за хидрометеоролошки работи**
8. Министерство за здравство
   **Кабинет на Министерот**
9. Министерство за животна средина и просторно планирање
   **Кабинет на Министерот**
10. Министерство за транспорт и врски
    **Кабинет на Министерот**
    **Агенција за државни патишта**
11. Министерство за образование
    **Кабинет на Министерот**
12. Дирекција за заштита и спасување
13. ЈП „Македонски шуми“

14. Државен инспекторат за шумарство и ловство
15. ЕВН
16. Црвен крст на РМ
17. АМСМ
18. Мисија на ОБСЕ
19. Амбасада на САД
20. Амбасада на Р.Франција
21. Обединети нации (UNDSS)
22. Светска здравствена организација
23. ПК на Совет на Европа Скопје
24. Македонија Пат
25. Корисници во ЦУК (по посебен список)
26. Архива